**ЗАКОН ЗА СУДОВИТЕ**
**(„Службен весник на Република Македонија” бр. 58/06, бр. 35/08, бр. 150/10, бр. 83/18, бр. 198/18 и бр. 96/19)**

**1. Кој ги избира и разрешува судиите и претседателите на судовите под услови и во постапка утврдени со закон?**

а) Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија
б) Собранието на Република Македонија
в) Судскиот совет на Република Македонија

**2. Судските одлуки се изрекуваат?**

а) Во името на народот
б) Во името на граѓаните на Република Северна Македонија

**3. Апелационите судови се надлежни:**

а) да решаваат по жалбите против одлуките на основните судови од своето подрачје, да решаваат за судир на надлежност помеѓу судовите од прв степен од своето подрачје и да вршат други работи определени со закон
б) да решаваат по жалбите против одлуките на основните судови , да решаваат за судир на надлежност помеѓу судовите од прв степен и да вршат други работи определени со закон
в) да решаваат по жалбите против одлуките на основните судови, да решаваат за судир на надлежност помеѓу судовите од прв степен од своето подрачје

**4. Судовите судат и своите одлуки ги засноваат врз основа на:**

а) Уставот и законите
б) Законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот
в) Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот

**5. Согласно Законот за судовите колку апелациони судови се основани?**

а) Три апелациони судови
б) Четири апелациони судови
в) Пет апелациони судови

**6. Според Законот за судовите, основните судови според стварната надлежност се основаат како:**

а) Судови со основна и управна надлежност
б) Судови со основна, проширена и управна надлежност
в) Судови со основна и проширена надлежност

**7. Судијата се избира:**

а) Со ограничување на траење на мандатот
б) Без ограничување на траење на мандатот

**8. Апелациониот суд Скопје е основан за подрачјата на основните судови во:**

а) Велес, Гевгелија, Кавадарци, Крива Паланка, Куманово, Основен кривичен суд Скопје и Основен граѓански суд Скопје
б) Велес, Гевгелија, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино, Основен кривичен суд Скопје и Основен граѓански суд Скопје
в) Велес, Гевгелија, Кавадарци, Кичево, Крива Паланка, Куманово, Неготино, Основен кривичен суд Скопје, Основен граѓански суд Скопје

**9. Апелациониот суд во Битола е основан за подрачјата на основните судови во:**

а) Битола, Кичево, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга
б) Битола, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга
в) Битола, Крушево, Охрид, Прилеп и Ресен

**10. Апелациониот суд Штип е основан за подрачјата на основните судови во:**

а) Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Струмица и Шти
б) Берово, Виница, Делчево, Кочани, Пехчево, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип
в) Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип

**11. Апелациониот суд Гостивар е основан за подрачјата на основните судови во:**

а) Гостивар, Струга, Тетово, Кичево и Дебар
б) Гостивар, Тетово, Кичево и Дебар
в) Гостивар, Тетово, Кичево, Ресен и Дебар

**12. За судирот на надлежност помеѓу судовите од прв степен од различно апелационо подрачје одлучува?**

а) Апелационен суд
б) Врховниот суд на Република Македонија
в) Судски совет на Република Македонија

**13. Кој го утврдува оптималниот број на судии по судови во Република Македонија?**

а) Министерство за правда
б) Врховниот суд на Република Македонија
в) Судски совет на Република Македонија

**14. Судиите поротници ги избира:**

а) Министерството за правда
б) Општа седница на Врховен суд на Република Македонија
в) Судскиот совет на Република Македонија

**15. Претседател на суд се избира за време од:**

а) 4 години
б) 5 години
в) 6 години

**16. Апелационите судови се надлежни:**

а) да решаваат во втор степен против одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон
б) да решаваат по жалбите против одлуките на основните судови од своето подрачје
в) да решаваат против поединечни акти на органите на државната управа, Владата и други државни органи

**17. По барањата за заштита на правото на судење во разумен рок одлучува:**

а) Уставен суд на Република Македонија
б) Врховен суд на Република Македонија
в) Апелационите судови

**18. Апелационите судови се надлежни:**

а) да решаваат во втор степен против одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон
б) да решаваат за судир на надлежност меѓу судовите од прв степен од своето подрачје
в) да решаваат против поединечни акти на органите на државната управа, Владата и други државни органи

**19. Судиската функција е неспоива со:**

а) функцијата пратеник, односно член на совет на општина односно градот Скопје
б) функцијата пратеник, односно член на совет на општина односно градот Скопје и со функциите во државните органи, општината и градот Скопје, освен во случаи предвидени со закон
в) функцијата пратеник, односно член на совет и градоначалник на општина односно градот Скопје

**20. На судијата поротник му престанува функцијата:**

а) со навршување 60 години старост
б) со навршување 62 години старост
в) со навршување 64 години старост

**21. Врховниот суд на Република Македонија постапува по барањето за повреда на правото на судење во разумен рок:**

а) во рок од шест месеци од неговото поднесување
б) во рок од 30 дена од неговото поднесување
в) во рок од три месеци од неговото поднесување

**22. Седиштата на Апелационите судови во Република Македонија се во:**

а) Битола, Скопје, Штип, Гостивар
б) Скопје, Тетово, Прилеп, Штип
в) Куманово, Струмица, Гостивар, Охрид

**23. Странката која смета дека надлежниот суд го повредил правото на судење во разумен рок има право да поднесе барање за заштита на правото на судење во разумен рок до:**

а) Уставниот суд на Република Македонија
б) Апелациониот суд
в) Врховниот суд на Република Македонија

**24. Судиите и претседателите на судовите ги избира:**

а) Собранието на Република Македонија
б) Претседателот на Република Македонија
в) Судскиот совет на Република Македонија

**25. Работите на правосудна управа ги врши:**

а) Судски совет на Република Македонија
б) Министерството за правда
в) Врховен суд на Република Македонија

**26. Во судскиот систем судската власт ја вршат:**

а) основните судови, апелационите судови и Врховниот суд на Република Македонија
б) основните судови, апелационите судови, Управниот суд, Вишиот управен суд, Врховниот суд на Република Македонија и Уставниот суд
в) основните судови, апелационите судови, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Македонија

**27. Кој може да менува или укинува судска одлука?**

а) надлежен суд во постапка пропишана со закон
б) Врховен суд во постапка пропишана со закон
в) Уставниот суд во постапка пропишана со закон

**28. По барање за изземање на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија одлучува:**

а) Седница на судиите
б) Општа седница на Врховен суд на Република Македонија
в) Претседател на оддел

**29. По барањата за заштита на правото на судење во разумен рок, Врховниот суд на Република Македонија одлучува:**

а) во прв степен
б) во прв и втор степен
в) само во втор степен

**30. Начелните ставови и начелните правни мислења што ги утврдува Врховниот суд на Република Македонија на општа седница се задолжителни за:**

а) сите судови во Република Македонија
б) сите совети на Врховниот суд на Република Македонија
в) сите совети на апелационите судови

**31. Центарот за информатичка технологија надлежен за техничко управување со автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети, судскиот портал и базите на податоци кои произлегуваат од работата на судовите се формира во:**

а) Судскиот совет на Република Македонија
б) Министерство за правда
в) Врховен суд на Република Македонија

**32. Кој ги разрешува судиите поротници?**

а) Судскиот совет на Република Македонија
б) Министерство за правда
в) Врховен суд на Република Македонија

**33. Колку трае мандатот на судиите поротници?**

а) без ограничување
б) 4 години
в) 6 години

**34. Судијата поротник по завршување на мандатот од 4 години:**

а) не може повторно да биде избран
б) може повторно да биде избран

**35. Врховниот суд на Република Македонија утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите:**

а) на општа седница
б) на седница на судии
в) на седница на совет

**36. Во судењата учествуваат и судии поротници:**

а) кога тоа е утврдено со закон
б) по барање на Судијата
в) задолжително во секоја постапка

**37. Извештаите за работата на судовите во Република Македонија се разгледуваат на:**

а) Општа седница на Врховниот суд на Република Македонија
б) Седница на оддел на Врховен суд на Република Македонија
в ) Седница на судии на Врховен суд на Република Македонија

**38. Кој го утврдува оптималниот број на судии поротници по судови во Република Македонија?**

а) Министерство за правда
б) Судски совет на Република Македонија
в) Врховниот суд на Република Македонија

**38. За ослободување на обврската за чување на класифицирани информации со соодветен степен на заштита за претседател на основен суд одлука донесува:**

а) Претседателот на Судски совет
б) Претседателот на Апелационен суд
в) Претседателот на Врховен суд на Република Македонија

**39. За ослободување на обврската за чување на класифицирани информации со соодветен степен на заштита за претседател на апелационен суд одлука донесува:**

а) Претседателот на Судски совет
б) Седница на судии на Апелациониот суд
в) Претседателот на Врховен суд на Република Македонија

**40. За ослободување на обврската за чување на класифицирани информации со соодветен степен на заштита за претседател на Врховен суд на Република Македонија одлука донесува:**

а) Претседателот на Судски совет
б) Министерот за правда
в) Општата седница на Врховен суд на Република Македонија

**41. Надзорот над примената на одредбите од Судскиот деловник врши Комисија формирана од:**

а) Претседателот на Судски совет
б) Министерот за правда
в) Претседателот  на Врховен суд